РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
БР. 18-3115/3
04.06.2025
КРИВА ПАЛАНКА

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА** Ф 8.5/3-3

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), а во врска со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 101/ 2019), член 8 од Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 60/20), член 88 став 2 и став 3 од Законот за општата управна постапка („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 124/15) решавајќи по барање бр.18-3115/1, 28.05.2025г. од Хуманитарно здружение ,,Мајка,, ул. Ѓорче Петров бр. 33 Куманово, Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

Со ова решение се дава **ПОЗИТИВЕН ОДГОВОР,** се уважува Барањето наш бр. 18-3115/1 од 28.05.2025г. од Хуманитарно здружение ,,Мајка,, ул. Ѓорче Петров бр. 33 Куманово.

Бараните информации му се доставуваат на барателот како **ПРИЛОГ** акт бр.18-3115/2, 04.06.2025г. кон ова решение.

***О б р а з л о ж е н и е***

Барателот Хуманитарно здружение ,,Мајка,, ул. Ѓорче Петров бр. 33 Куманово по електронска пошта достави барање, наш бр. 18-3115/1, 28.05.2025г. за пристап до информации од јавен карактер согласно член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 101/ 2019). Со кое бара да му бидат доставени следните информации:

1. Какви механизми за вклучување на граѓаните во локалното управување се воспоставени во вашата општина (јавни форуми/состанци, консултативни собири, учество во јавни расправи или слично) ?
2. Колку жени биле вклучени во консултациите во 2024 година?
3. Дали имате систем или платформи за дигитално вклучување на граѓаните од рурлните населби (онлајн анкетирање, платформи за идејни предлози, електронски консултации)? Доколку да, кои?
4. Како ги информирате граѓаните од руралните населби за процесите на донесување одлуки на локално ниво? Какви алатки и форми користите?
5. Колку често организирате јавни консултации или форуми на кои жителите од руралните населби можат да дадат свои предлози и коментари? Колку вакви консултации имате одржано во 2024 година? Ве молам наведете датум и место на организирање и колку жени учествувале (?по можност и од кои рурални заедници).
6. Дали граѓаните од руралните населби активно учествуваат во процесот на донесување одлуки? Доколку да, образложете на кој начин.
7. Дали сте направиле анализи или истражувања за нивото на учество на жените од руралните населби во процесот на донесување одлуки?
8. Какви политики спроведувате за постигнување на родовата рамноправност, вклучително и за еднаквите можности на жените од руралните населби? Ве молам за информација што е спроведено во 2024 година по ова прашање? Доколку нема - зошто не?
9. Дали Месните заедници (МЗ) во руралните населби се активни и

функционални?

10. Колку **<u>теренски</u>** консултативни состаноци има остварено градоначалникот со граѓани (групни или индивидуални) во 2024 година, а колку во период од 01.01.2025 до 28.05.2025, каде ( во кои месни заедници) и колку од нив биле со жени?
11. Колку консултативни состаноци на терен имаат остварено претставниците на Единици на Локалната Самоуправа со граѓани од рурални средини (групни или индивидуални) во 2024 година, а колку во период од 01.01.2025 до 28.05.2025, кога, каде и колку жени биле консултирани и присуствувале на истите?
12. Дали Комисијата за Еднакви Можности на Мажи и Жени има одржано теренски консултативни средби со жени од рурални заедници во 2024 година, а колку во период од 01.01.2025 до 28.05.2025, кога, каде и со колку жени? Доколку има остварено средби, ве молам за копија (електронска) од записник од одржаните средби и/или заклучоци од средбите.
13. Дали имате добиемо поднесени писмени барања преку општинската архива од жени (или група на жени) од рурални средини и приградски населби за решавање на проблеми од заедниците и нивно вклучување во општинскиот буџет за 2025 год. Колку барања се поднесени, што е барано и од кои сектори? Дали писмено или усно е вратен одговор до подносителите на барањата?
14. На кој начин Општина ги вклучува жените од руралните средини во процесот на донесување на одлуки и прибирање на предлози за решавање на проблеми приоритетни во дадена заедница од инетрес? Доколку нема функционални механизми за вклучување на жените од руралните средини, дали општина планира да развие стратегија (и кога) или да воведе систематско решение на овој проблем (што е решението)?

________________________________________________________

(опис на информацијата која се бара)

**Доставувањето на бараните информации се врши со акт бр. 18-3115/2, 04.06.2025г на Координаторката за еднакви можности на жениет и мажите во општината.**

Врз основа на горе наведеното а во согласност со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019), се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против решението со кое имателот на информацијата го одбил или отфрлил барањето, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информаците од јавен карактер согласно член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019).

**Изготвил:**
**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер, Лидија Митовска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Бр.18-3115/2**
**04.06.2025 год.**
**Крива Паланка**



**До службнео лице за посредување со информации**
**Од јавен карактер**

**Предмет: Доставување на информација од јавен карактер**
Врска: наш бр. 18-3115/1 од 28.05.2025г.

Почитувани, постапувајќи по вашето усно барање со кое барате информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 101/ 2019),, а согласно Барање примено од барател бр. 18-3115/1, 28.05.2025г. ви ги доставуваме бараните информации.

Информациите што се барат со барањето бр. 18-3115/1, 28.05.2025г. (вкупно 14 различни информации) се информации од јавен карактер Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Листата на информации од јавен карактер на Општина Крива Паланка.

**Ви ги доставуваме бараните информации и тоа:**

1. **Информација за точка 1 од барањето:**

Општина Крива Паланка на секој можен начин ги вклучува граѓаните во локалното управување и донесување на одлуки и тоа преку организирање на Форуми (Родово Одговорен буџетски форум, Проектни Форуми), состаноци, консултативни собири, јавни расправи, средби со граѓани (групни или индивидуални).

За **мобилизирање на граѓаните за учество на буџетскиот форум**, општината, заедно со модераторот, координаторот и ОГ, користи повеќе техники, со кои се опфатени најразлични целни групи. Се одржуваат средби со претставници на бизнис заедницата и граѓанските организации, со пензионерите, ромската популација, месните заедници, младите и други интересни групи.

Истовремено, граѓаните се мобилизираат со официјални покани, лични и телефонски контакти, веб страницата на општината, фејзбук страниците на општината.
https://www.krivapalanka.gov.mk/novosti/39708
https://www.krivapalanka.gov.mk/?s=%D1%98%D0%B0%D0%B2%D0%BD%D0%B0+%D1%80%D0%B0%D1%81%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B0

2. **Информација за точка 2 од барањето:**

Општината нема точна статистика за **сите** консултативни средби на општинската администрација со граѓаните во текот на 2024 година, но во периодот од 15.10 до 15.11.2024 година во општина Крива Паланка се одржаа четири форумски сесии. На **првата сесијата** присуствуваа вкупно **72** граѓани од кои **43** жени и **29** мажи, на **втората форумска сесија** присуствуваа вкупно **56** граѓани од кои **42** жени и **14** мажи, на **третата форумска сесија** присуствуваа вкупно **51** граѓанин од кои **33** жени и **18** мажи, на **четвртата форумска сесија** присуствуваа вкупно **56** граѓани од кои **36** жени и **20** мажи.

3. **Информација за точка 3 од барањето:**

Општината на својата WEB страна има алатка за прибирање на јавно мислење во форма на

онлајн анкетирање.
https://www.krivapalanka.gov.mk/soopstenija/41576

4. **Информација за точка 4 од барањето:**

Општина Крива Паланка своите граѓани од руралните средини за процесите на донесување на одлуки на локално ниво ги информира на неколку начини

- Непосредно – преку претседателите на месните заедници
- Општинскиот информатор
- Преку општинската веб страна и профилите на општината на социјалните медиуми.

5. **Информација за точка 5 од барањето:**

Општина Крива Паланка години наназад организира Родово Одговорен буџетски Форум каде учество земаат сите групи, поединци и чинители на локално ниво како и месните заедници од руралните средини со што граѓаните директно учествуваат во креирањето на локалните политики со свои предлози во оперативните годишни програми, а со тоа директно во алоцирање на средствата на општинскиот буџет. Меѓутоа општината организира и јавни расправи како што се расправите за донесување на детален урбанистички план или проектирање на улици, водоводи и канализации. https://www.krivapalanka.gov.mk/budzet

6. **Информација за точка 6 од барањето:**

Жителите од руралните средини најчесто до општината се обраќаат преку групни или поединечни барања, директен контакт со градоначалникот или општинската администрација или преку претставниците на месните заедници, но општината треба да направи напор истите повеќе да бидат вклучени во донесувањето на одлуки, но самата конфигурација на теренот на територијата на општина Крива Паланка (како што се оддалечени планински населени рурални средини) е причина зошто е мала нивната вклученост во тој процес.

7. **Информација за точка 7 од барањето:**

Општина Крива Паланка нема направено анализа или истражување за нивото на учество на жените од руралните средини , но преку соработка со граѓански организации и проекти, работи на вклучување на руралната жена во процесот на донесување одлуки и креирање политики на локално ниво.

8. **Информација за точка 8 од барањето:**

Општина Крива Паланка е лидер во подготовката на годишните програми со родово сензитивен јазик, и родови индикатори во сите програми со родово одговорна алокација на буџетските средства за 2025 година. На транспарентен начин општината спроведува родово одговорно годишно планирање и буџетирање. Во текот на процесот на 31.10.2024 се одржа и работилница во соработка со UN Women на тема “ **Родово одговорно буџетирање и развивање на родови индикатори за локални програми„**со фокус група - раководители на сектори и одделенија, а со цел, да се зајакнат капацитетите на локалната самоуправа за вклучување на родовата перспектива во локалните политики и годишни програми, особено во делот на **креирање родово-одговорни индикатори,** вклучително и процесите на родова анализа, родова статистика, мониторинг и евалуација.

Во 2024 година сме **ЕДИНСТВЕНАТА** општина со вклучен родов концеп и родови индикатори во сите годишни програми. На работилницата која што се одржа од 21ви-23ти февруари 2024 во прострите на Ресурсниот центар за родово одговорно креирање на политики, општина Крива Паланка беше издвоена како пример општина за добри практики, каде што и теркот за изработка на годишни програми со вклучена родова компонента беше споделен на сите општини.

Преку системско вклучување на родовата перспектива во работењето на општината во сите сфери се трасира патот на родовата еднаквост без конкретни активности насочени кон истото, туку креирање и спроведување на политики кои произлегуваат од потребите на граѓаните.

9. **Информација за точка 9 од барањето:**

Поголемиот дел од Месните заедници посебно оние кои се поблиску до урбаното градско подрачје

на општина Крива Паланка се активни во креирањето на локалните политики и се функционални, но за жал имаме и месни заедници кои ниту се активни а уште помалку функционални и каде општината треба да го насочи своето внимание за да ги вклучи и нив како активни чинители во креирањето на политики на локално ниво и нивно учество во донесувањето на одлуки.

**10. Информација за точка 10 од барањето:**

Општината точна статистика не води за теренските состаноци на градоначалникот, затоа што тој секогаш е во дослух со граѓаните, секогаш излегува во пресрет за консултативни состаноци, па и со теренски активности во спроведувањето на проекти. Она што како информација може да се издвои за 2024 година се минимум 50 теренски посети, состаноци (групни или индивидуални), но колку од нив биле со жени за жал нема информација. Додека пак за наведениот период од 2025 година се минимум 47 теренски средби каде што добар дел се во руралните средини и се поврзани со отпочнување на проекти за патна инфраструктура, водоводна и канализациона мрежа.

**11. Информација за точка 11 од барањето:**

Општинската администрација посебно од Секторот за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура како и од одделението за инспекциски надзор секојдневно имаат контакт со граѓаните како во консултативни така и средби по барање на граѓаните, но за тоа не се води евиденција околу бројот на средби и дали тие се реализирани со мажи или со жени.

**12. Информација за точка 12 од барањето:**

Комисијата за Еднакви можности во овој состав не е теренски проактивна и во текот на 2024 година нема одржано консултативни средби со жените од руралните средини.

**13. Информација за точка 13 од барањето:**

Општината има статистички податоци за поднесени барања кои се поделени по пол, но нема статистика колку од нив се однесуваат на решавање на проблеми кои вклучуваат издвојување на средства од општинскиот буџет. На пример од страна на Одделението за комунална инфрастуктураа има податок за вкупен број на поднесени барања од страна на жени во 2024 година во вкупен број од 20 барања од кои 8 се за барање за закуп на јавна површина, 5 барања за адреса на живеење, 3 за проблем со јавното осветлување и 4 за поправка на оштетена патна инфраструктура.

**14. Информација за точка 14 од барањето:**

Конкретни механизми во овој момент општината нема за вклучување на жените од руралните средини, но затоа ја интензивира соработката со граѓанските организации кои работат и спроведуваат проекти, активности за вклучување на руралната жена во креирањето на локалните политики. Општината има изготвено **Родово одговорна СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ на Општина КРИВА ПАЛАНКА 2022-2027.**
https://www.krivapalanka.gov.mk/strateshki-dokumenti

Бараните информации ви ги доставуваме на начинот наведен во барањето.

Со почит.

Изготвил:
Гордана Ристовска
Координаторка за еднакви можности
на жените и мажите

**Одделение за финансиски прашања**
**Раководител**
**Марија Златановск а**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА